Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 10**

**14.07.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на ОДЛУКА за давање на согласност на измени на годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

1.Ја објавувам Одлуката за давање на согласност на измени на годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.07.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-735/1 Општина Демир Хисар
14.07.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден13.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
За давање на согласност на измени на годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за менување на годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар со архивски број 04-28/1 од 14.05.2021 година, за кој Министерството за информатичко општество и администрација има дадено позитивно мислење со архивски број 09-2564/2 од 30.06.2021 година.

Член 2

Годишниот план од член 1 се става вон сила и се менува со Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Демир Хисар со архивски број 04-28/4 од 09.07.2021 година, изготвен од страна на ВД Директорот Драган Талевски, кој влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на позитивно мислење.

Бр.17-722/2 Совет на општина Демир Хисар
13.07.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар

/,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
***за објавување на ОДЛУКА за формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Стругово за учебна 2021/2022 година***

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на комбинирани паралелки од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев" с.Стругово за учебна 2021/2022 година, донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.07.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-735/2 Општина Демир Хисар
14.07.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Согласно член 53 и 63 од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/19 и 229/20 ) и член 36 став (1) точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14 год.) Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на ден 13.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Стругово за учебна 2021/2022 година.**

1.Во ПУ ,,Гоце Делчев,, с.Стругово, кое е во состав на ООУ,,Гоце Делчев,,Демир Хисар,, повторно се формира комбинирана паралелка од прво до петто одделение за учебна 2021/2022 година.

2.Формирањето на паралелката нема да предизвика барање на нови финансиски средства бидејќи претставува старо финансирање.

Наставниот и помошно-техничкиот кадар, одделенскиот наставник и помошно технички работник, хигиеничарот ќе бидат ангажирани од редот на постоечките вработени во централното училиште

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на доставеното барање на Месната заедница од с.Стругово, до Советот на општина Демир Хисар, а по иницијатива на родители на ученици кои посетуваат редовна настава од прво до петто одделение во централната зграда во ООУ,,Гоце Делчев,,Демир, се бара повторно формирање на паралелка од прво до петто одделение во зградата на ПУ с.Стругово, Советот на општина Демир Хисар, согласно член 53 и 63 од Законот за основно образование

(,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/19 и.229/20) одлучи да даде согласност за работа на горенаведената паралелка за учебна 2021/2022 година.

Бр.17-722/3 Совет на општина Демир Хисар
13.07.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за давање согласност на измени на годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година-------------------------------1-
2.Одлука за формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“ с.Стругово за учебната 2021/2022 година-------------------------------------------2-3

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска б.б**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**